**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,36 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Андреј Жерновски, Илинка Митрева, Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Мирјана Секуловска, Панче Дамевски, Фијат Цановски, Али Ахмети, Рафис Алити, Љубчо Георгиевски, Азис Положани, Ѓорѓи Оровчанец, Абдуладил Вејсели, Даут Реџепи и Насер Ајдини ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со првата точка Предлог за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по Предлогот Лина Петровска да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Има збор Грковска Славица, не е тука.

Никола Поповски исто така, Мери Младеновска Ѓорѓиевска исто не е тука.

Има збор Владо Бучковски. Повелете.

**Владо Бучковски:** Само за колешката или за трите предлози.

**Љубиша Георгиевски:** Може и за трите предлози.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Почитувајќи дека Комисијата за избори и именувања, почитувајќи го начелото на влијанитет ја доведе до овде постапката. Јас би сакал конкретно да го искажам своето мислење, затоа што ставот на СДСМ го слушнавте и јас се приклучувам на сите забелешки околу процедурата.

Бидејќи говориме конкретно за кандидатите да отстапиме од клишето дека секогаш очекувате опозицијата да биде против предлозите, јас ќе кажам дека ќе бидам воздржан за двата предлога, меѓутоа, ќе бидам афирмативен, односно позитивен за предлогот Бедредин Ибраими да биде член на Судскиот совет и ќе ви кажам зошто. Мислам дека тој е единствен предлог од трите што заслужува внимание, заради тоа што отстапува од она што начелно го застапува Комисијата за избори и именувања, а тоа е да се затскрива зад пријавените кандидати и да води сметка според мое мислење за некои партиски комбинаторики, а не за квалитетот на кандидатите.

Сметам дека еден од основните начела кои би требало да го почитува и Парламентот е начелото на соодветна и правична застапеност. Ако се гледаат осумминатa избрани кандидати во Судскиот совет ќе се види дека двајца од нив се припадници на албанската заедница. Тоа се колегата Бекир Исени и колешката Еленовска која иако презимето буни е припадничка на албанската заедница.

Мислам дека пред Парламентот сме исправени пред дилемата дали, почитувајќи го ова начело, ќе го прифатиме овој предлог. Јас ќе пледирам да се прифати и ќе кажам зошто. Но и да се прифати предлогот кој потоа следи од претседателот за уште еден колега при што ќе покаже Парламентот дека при формирањето на Судскиот совет ќе го почитува и ова уставно начело.

Инаку, не можам да зборувам за другите два предлога, бидејќи колегите не ги знам. Но бидејќи колегата Бедредин Ибраими го познавам пред се, како истакнат правник, со кого ја имав честа да членувам во Државната изборна комисија во 1998 година, го познавам како успешен министер за труд и социјална политика и како деполитизиран бивш политичар во изминатите четири години, кои ги искористи на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје да магистрира, што мислам дека му дава дополнителни квалитети, или квалификативи да биде поддржан од Парламентот.

Значи, со оваа моја скромна дискусија иако не сум припадник на заедниците и нема да го решам проблемот што го има владеачкото мнозинство, би сакал на овој начин јавно да дадам поддршка за само еден од предлозите на Комисијата за избор и именувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има некој за збор? (Нема)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Да, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза најмалку за половина час за координација.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза за координација.

**Јани Макрадули:** Може ли подолго, бидејќи има четири комисии.

**Љубиша Георгиевски:** Нека биде еден час пауза.

(Пауза од 11,42 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,45 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Дами и господа, по исцрпната дискусија која што ја имавме на консултациите, во врска со темата на оваа седница го постигнавме следниот

договор: едногласно, повторувам едногласно го одлучивме следното: дека ако си дадеме извесно време од 10 до 15 дена можеме да постигнеме висок степен на согласност околу темата на Дваесет и четвртата седница, можеме да постигнеме степен на согласност која воглавно и се бара од нас за нашиот пат за пристапот кон Европа и поради тоа овде јас ќе ја прединам Дваесет и четвртата седница, со тоа што во 15 часот, после паузата за ручек, ќе продолжиме со темата за Буџетот од Шеснаесеттата седница.

Давам пауза за ручек.

(Седницата прекина со работа во 13.50 часот)